Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за даноци и имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11 и 33/11 ,84/12,188/13) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13 и 21/13) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на 20-та седницата, одржана на 22.06.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизрадено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка за 2016 година**

**Член 1**

Се дава согласност за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, согласно Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот.

**Член 2**

Со оваа Одлука се утврдуват начинот на пресметување на пазарна вредност на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Со оваа Одлуа се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – деловни објекти, простории, станбени згради, станбени куќи, други градежни објекти, помошни објекти и градежно изградено, неизградено земјиште и земјоделско земјиште. Составен дел на Одлуката се Прегледите.

**Член 4**

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката бр.09-581/7 од 27.02.2015 година, донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-1765/3**
**22.06.2016 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р. Борче Стојчевски, с.р.**

---

**Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот –деловни објекти ,простории,градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во општина Крива Паланка**

**14 – та зона**

Ул. Св Јоаким Осоговски (локалитет од Дом на култура до спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна).

Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.

**Вредност: 50 бода/ м2**

**14.1 –Подзона**

Ул св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до Осички мост и од спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна до влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш и просторот кај стар зелен пазар.



Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.

**Вредност: 45 бода /м$^2$**

**15 – та зона**

ул. Св Јоаким Осоговски ( од влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш до спој со М2 – раскрсница во населба Грамаѓе.
Ул.8- ми Октомври
Ул. Партизанска (до мост кај фурна Дабо)
Ул.Никола Тесла без новиот крак
Ул.Илинденска (без простор кај стар зелен пазар)
Ул.Јане Сандански
Ул.Херој Карпош
Ул.Гоце Делчев
Ул.Борис Трајковски
Ул.Орце Николов
Ул.Јане Јакимовски

Ул. Прохор Пчински
Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.
**Вредност: 40 бода /м$^2$**
**15.1 –подзона**
Ул. Моша Пијаде асфалтиран дел
Ул. 3-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Македонска
Ул. 17-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Наско Тамбурков
Ул.Димитар Арсов
Ул. Чупино Брдо
Нас. Горни Бавчалк
Ул.Баглачка ( асфалтиран дел)
Ул. Ѓорче Петров
Ул. Ратко Минев (асфалтиран дел)
Ул.Јоаким Крчовски
Ул.11. Октомври
Ул. Пиринска ( асфалтиран дел)
Ул. Сите други асфалтиран улици по опфат на КО Крива Паланка( повисоки делови)
Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.
**Вредност: 35 бода /м$^2$**
**16.-зона**
Нас. Бегови Бавчи
Ул Единство(до мост кај спојот со ул. Св. Јоаким Осоговски)
Ул. 8-ми Септември
Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.



**Вредност: 30 бода/ м2**
**16.1. –подзона**
Ул. 4-ти Јули
Ул. Коце Металец
Нас. Грамаѓе
Ул. Партизанска (од мост кај фурна Дабо до крај на Домачки Дол)
Ул. Моша Пијаде од асфалтиран дел до ул. Херој Карпош
Ул. Херој Карпош од мостот до ул. Моша Пијаде
Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.
**Вредност: 25 бода /м$^2$**
**16.2 –подзона**
Никола Тесла ( нов крак)
Село Градец – Мизовски ливади
Село Конопница и Мождивњак
Населба Лозаново
Сите неасфалтирани улици за КО Крива Паланка
Населба Цонев Рид
Населба Скрљава
Населба Трештен Дол
Останати улици во населба Бадлак
Населба Кошари
Ул. Гоце Делчев неасфалтиран дел
Ул. Баглачка неасфалтиран дел
Видови објекти : деловни простории и дуќани, деловни згради
( производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.
**Вредност: 20 бода/м$^2$**
Вредноста на пресметковен бод изнесува едно евро во денарска противредност .

При утврдување на пазарна вредност за градежно изградено ,неизградено земјиште со намена деловни објекти и просртории со површина поголема од 1000 м2 се намалува за 5 бода по м2 соодветно по зоните.

**Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот –станбени згради ,станбени куќи,други градежни објекти ,помошни објекти и градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во општина Крива Паланка**

**16-зона**

Ул. Св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна).

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**Вредност: 30 бода /м2**

**16.1. подзона**

Ул св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до Осички мост и од спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна до влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш и просторот кај стар зелен пазар.

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.



**Вредност: 25 бода /м$^2$**

**16.2 подзона**

ул. Св Јоаким Осоговски ( од влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш до спој со М2 – раскрсница во населба Грамаѓе.

Ул.8- ми Октомври
Ул. Партизанска (до мост кај фурна Дабо)
Ул.Никола Тесла без новиот крак
Ул.Илинденска (без простор кај стар зелен пазар)
Ул.Јане Сандански
Ул.Херој Карпош
Ул.Гоце Делчев
Ул.Борис Трајковски
Ул.Орце Николов
Ул.Јане Јакимовски
Ул. Прохор Пчински

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**Вредност: 20 бода /м$^2$**

**17 зона**

Ул. Моша Пијаде асфалтиран дел
Ул. 3-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Македонска
Ул. 17-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Наско Тамбурков
Ул.Димитар Арсов
Ул. Чупино Брдо
Нас. Горни Бавчалк
Ул.Баглачка ( асфалтиран дел)
Ул. Ѓорче Петров
Ул. Ратко Минев (асфалтиран дел)
Ул.Јоаким Крчовски
Ул.11. Октомври
Ул. Пиринска ( асфалтиран дел)
Ул. Сите други асфалтиран улици по опфат на КО Крива Паланка( повисоки делови)

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**Вредност:15 бода / м2**

**17.1 подзона**

Нас. Бегови Бавчи
Ул Единство(до мост кај спојот со ул. Св. Јоаким Осоговски)
Ул. 8-ми Септември

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**Вредност:10 бода /м2**

**18 –та зона**

Ул. 4-ти Јули
Ул. Коце Металец
Нас. Грамаѓе
Ул. Партизанска (од мост кај фурна Дабо до крај на Домачки Дол)

Ул. Моша Пијаде од асфалтиран дел до ул. Херој Карпош
Ул. Херој Карпош од мостот до ул. Моша Пијаде
Никола Тесла ( нов крак)
Село Градец – Мизовски ливади
Село Конопница и Мождивњак
Населба Лозаново
Сите неасфалтирани улици за КО Крива Паланка
Населба Цонев Рид
Населба Скрљава
Населба Трештен Дол
Останати улици во населба Баглак
Населба Кошари
Ул. Гоце Делчев неасфалтиран дел
Ул. Баглачка неасфалтиран дел
Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**Вредност: 5 бода / м2**

Земјоделското земјиште во опфатот на ГУП Крива Паланка ќе има третман на градежно земјиште во Прегледот по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот –деловни објекти, простории и градежно изградено и неизградено земјоделско земјиште со таква намена во општина Крива Паланка и прегледот по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот –станбени згради , станбени куќи други градежни објекти ,помошни објекти и градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во општина Крива Паланка

**ПРЕГЛЕД ЗА ПРОЦЕНКА НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД ИЗВРШЕНИ КУПОПРОДАЖБИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА СПОРЕД ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ**

| Катастарска Општина | Ниви ливади и пасишта | | Градини, овоштарници и лозја | | ШУМИ | | ДВОР | Земји погодно за плацеви и викенд зони |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЛАСИ | | КЛАСИ | | КЛАСИ | | | |
| | I,II,III, IV | V,VI, VII, VIII | I, II,III, IV | V,VI, VII, VIII | I, II,III, IV | V,VI,VII,VIII | До 1000 м2 | Од 500-1000м2 |
| Б'С | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 50,70,100 | 130,150,180 |
| БАШТЕВО | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 17,16, 15 | 14,13, 12 | 20,19, 18 | 17,16, 15 | 14,15,16 | 17,18,20 |
| БОРОВО | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 35,37,40 | 45,47,50 |
| ВАРОВИШТЕ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 70,150,180 | 200,300,400 |
| ГАБАР | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 23,20,19 | 17,16, 15 | 30,25,22 | 20,17, 15 | 22,23,24 | 25,27,30 |
| Г.ЦРЦОРИЈА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 20,19,18 | 17,16, 15 | 25,23,20 | 17,16, 15 | 30,35,40 | 40,47,50 |
| ГРАДЕЦ | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,150,180 | 200,300,400 |
| ДЛАБОЧИЦА | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 180,200,250 |
| ДРЕНАК | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 35,37,40 | 45,47,50 |
| ДРЕЊЕ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 200,300,400 |
| ДОБРОВНИЦА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 70,80,100 | 150,170,200 |
| ДУРАЧКА РЕКА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 70,80,100 | 200,300,400 |
| ЖИДИЛОВО | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 200,300,400 |
| КИСЕЛИЦА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32,25,20 | 15,16, 17 | 50,70,80 | 100,150,180 |
| КОНОПНИЦА | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 30,32, 35 | 100,150,180 | 200,300,400 |
| КОСТУР | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 100,150,180 |
| КОШАРИ | 20,17, 15 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,150,180 | 200,300,350 |
| КРКЉА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 200,300,400 |
| КРСТОВ ДОЛ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32,25,20 | 17,16, 15 | 30,35,40 | 45,47,50 |
| ЛОЗАНОВО | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,150,180 | 200,300,350 |
| ЛУКЕ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| М.ЦРЦОРИЈА | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 30,35,40 | 45,47,50 |
| МАРТИНИЦА | 20,17, 15 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 200,300,350 |
| МЕТЕЖЕВО | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32,25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| МОЖДИВЊАК | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 200,300,400 |
| НЕРАВ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32,25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| ОГУТ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 50,60,70 | 120,130,150 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСИЧЕ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32,25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| ПОДРЖИКОЊ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25, 20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| СТАНЦИ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 25, 23, 20 | 17,16, 15 | 32, 25,20 | 17,16, 15 | 50,60,70 | 80,90,100 |
| ТЛМИНЦИ | 28,25, 20 | 10,7,5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 100,130,150 | 170,200,250 |
| ТРНОВО | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 70,80,100 | 150,200,300 |
| УЗЕМ | 10, 9, 8 | 7,6, 5 | 40,37,35 | 32,30, 25 | 50,45,40 | 35,32, 30 | 70,80,100 | 150,250,400 |



Под земјоделско земјиште погодно за двор се смета она земјиште кое е во промет до 1000м2

Под земјоделско земјиште погодно за плацеви и викенд зона се смета она земјиште кое во промет од 300-1000м2 и за кое има урбанистичка документација.



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно, неизградено и земјиште во Општина Крива Паланка за 2016 година**

1. Се прогласува Одлуката за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно, неизградено земјиште во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на 22.06.2016 год.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1765/4** | **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**23.06.2016 год.** | **Градоначалник,**
**Крива Паланка** | **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски, с.р.**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.23/2013 ,12/2014,44/2014 и 144/2014) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) ,Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 22.06.2016 година ,донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОУЈДГ „Детелинка„ –Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОУЈДГ „Детелинка“ - Крива Паланка и тоа :

-за објект број 1 ,кој се наоѓа на ул.Св .Јоаким Осоговски бр.51 „ Пролетна роса „со целодневен престој од 5:30 до 18:00 ч. ;

-за објект број 2 ,кој се наоѓа на ул. „Илинденска“ бб „Поточиња“ со целодневен престој од 5:30 до 18:00 ч.;

-за објект број 3 ,кој се наоѓа на ул.„Партизанска“ бб „Виножито “ со целодневен престој од 5:30 до 18:00 ч.; и

-за објект број 4 кој се наоѓа во Општина Ранковце со полудневен престој со работно време од 06:00 до 14 ч..

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка „.

**Бр. 09-1765/5** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.06.2016 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **М-р Борче Стојчевски, с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОУЈДГ „Детелинка“-Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање соглалсност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОУЈДГ „Детелинка“ – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на 22.06.2016 год.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1765/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**23.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски, с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за определување на имиња на улици, полоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ„ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 135/11, 163/13 и 147/15) и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр. 5/02), и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка „ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.06.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување услови и критериуми за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка, поставување на табли за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, поставување табли со нумерирање на објекти во општина Крива Паланка, како и определување на висината на трошоци за поставување на табли за имиње на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Крива Паланка**

**I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, поставување на табли за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, поставување табли со нумерирање на објекти во општина Крива Паланка, определување на висината на трошоци за поставување на табли за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, одржување на таблите, како и водење на регистар и евиденција на имиња на улици и куќни броеви во општина Крива Паланка.

**Член 2**

Под улица, во смисла на оваа одлука се сметаат улици, кеј и уличен крак подолг од 110 метра со една крстносница која се приклучува кон друга улица (во понатамошниот текст:улица)



Под други инфраструктурни објекти, во смисла на оваа одлука се сметаат трговски центар, подземен премин, надземен премин, парк, фонтана и селска чешма (во понатамошниот текст: други инфраструктурни објекти).

**II. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

**Член 3**

На секоја улица, плоштад, мост и друг инфраструктурен објект, се определува име.

Името на секоја улица се определува со број или име ( синтаксно).

Определување на име на улица не е задолжително за населени места кои имаат до 100 станбени објекти.

Во бесправно изградени населби името на улицата се определува со број.

**Член 4**

Таблата со име на улица се поставува на двете страни и тоа од почетокот и на крајот на улицата, како и на крстосниците каде што улицата се вкрстува со други улици.

Името на улицата се означува така што првиот ред стои ознаката „улица„, а во следниот ред

арапскиот број.

Името на кеј, трговски центар, мост, плоштад, подземен премин, надземен премин, парк, фонтана и селска чешма на таблата се означува така што наместо ознаката улица стои ознака„кеј„, „трговски центар„, „мост„, „плоштад„, „подземен премин„, „надземен премин„, „парк„, „фонтана„ и „селска чешма„.

Таблата со име на плоштадот се поставува на почетокот на секоја улица на плоштадот, а таблата на кеј, трговски центар, мост, парк, подземен премин, надземен премин се поставува на нивниот почеток и крај.

**Член 5**

Таблата со име на улица, плоштад, мост и друг инфраструктурен објект се поставува на видно местона висина од 2,5 метри од тротоарот, без да се наруши или оштети естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од став еден на овој член може да се постави и на столбови, тротоари и други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

На почетокот и крајот на улицата или на крстсница се поставуваат патокази со името што го носи улицата.

**Член 6**

На таблата освен името на улицата, плоштадот, мостот и друг инфраструктурен објект, не смеат да се пишуваат други ознаки и текстови.

**Член 7**

Сопственикот односно корисникот на објектот е должен да овозможи поставување на табла на објектот со име на улицата.

**Член 8**

Секоја улица има технички број кој е предвиден со урбанистичкиот план на општината или акт што го заменува планот на општината.

Во едно населено место не може да се определи име на улица со број кој беќе е употребен како технички број на друга улица.

**III. НУМЕРИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ**

**Член 9**

Секој објект се нумерира со број со поставување на табличка на објектот.



Нумерирањето на објектите со броеви го врши општината.

**Член 10**

Два или повеќе објекти на иста улица не можат да бидат нумерирани со ист број. Објектите се нумерираат на улицата на која им се наоѓа главниот влез.

Колективните објекти со правоаголна форма со единствен покрив и со повеќе влезови во една линија ќе се нумерираат со еден куќен број.

Колективните објекти со неправилна форма, засебни покриви и целини, како ииндивидуалните објекти се нумерираат со посебни броеви за секоја целина.

На колективните станбени и други објекти кои имаат повеќе влезови, влезовите се нумерираат со римски броеви, во правец на зголемувањето на куќните броеви на улицата.

На колективните станбени и други објекти кои се поставени и се наоѓаат на најмалку две улици, нумерирањето на куќните броеви се врши од страна на улицата каде што е гравниот влез на објектот.

**Член 11**

Објектот кој не бил предвиден со урбанискички план, а дополнително е вклопен со измени и дополнувања на урбанистички план, се нумерираат со бројот на првиот соседен објект кој има помал број, при што кон бројот се додава ознака со голема кирилична буква по азбучен ред.

**Член 12**

Објекти кои не се предвидени со урбанистички план и се изградени без одобрение за градење, како и времените објекти, се нумерираат на начин што на објектот се става табличка со број, но различна по големина и боја од табличките за објекти изградени со одобрение за градење.

**Член 13**

Објектите кои ќе се градат согласно урбанистички план на општината во населено место (село) и вон населено место ќе се нумерираат согласно поднесено барање од инвеститорот односно сопственикот на објектот, до надлежниот орган во општината.

**Член 14**

Нумерирањето на објектите со броеви се врши така што објектите на левата страна на улицата од каде почнува нумерирањето добиваат непарни броеви почнувајќи од бројот 1 (еден), а објектите на десната страна на улицата добиваат парни броеви, почнувајќи од бројот 2 (два).

Нумериорањето на објектите во смисла на ставот 1 од овој член почнува од центарот на населеното место и броевите се зголемуваат кон периферијата.

Нумерирањето на објектите со броеви на улица која се протега на подрачјето на две или побеќе општини се врши на начинот утврден во став 1 од овој член, со тоа што границите на опоштините завршуваат до определен број на објекти.

Во населените места кои имаат до 100 објекти, а немаат определени имиња на улици, нумерирањето на објектите со броеви започнува од главниот пристап на населеното место, почнувајќи од бројот 1 (еден).

**Член 15**

Табличките со броеви на објектите се поставуваат на десната страна на главниот влез на објектот и треба да бидат видливи.

Табличките со броеви на колективните објекти со повеќе влезови се поставуваат од десната страна на објектот, а табличките за бројот на влезот на самиот влез.

**Член 16**

Табличките со броеви на објектите ги поставува инвеститорот на објектот, а ги



одржува сопственикот, односно корисникот на објектот.

Табличките од ставот 1 на овој член инвеститорот на објектот ги набавува од надлежниот орган на општината и истиот е должен да ги постави пред да почне објектот да се употребува.

Трошоците за набавка и поставување на табличките со броеви ги сноси инвеститорот, односно сопственикот на објектот.

**Член 17**

Набавката на таблите со имињата на улици и други инфраструктурни објекти и набавката на таблички со броеви ја врши Општина Крива Паланка со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Висината на надоместокот за поставената табла за нумерирање на објектот ќе изнесува 150 денари. Доколку се јават повеќе сопственици односно корисници на објектот вкупниот износ на надоместокот го делат односно плаќаат сразмерно сите сопственици односно корисници.

Со оглед на тоа што согласно Законот трошоците за набавка на таблички со броеви за објектите се на товар на сопствениците односно на корисниците на објектот, ЈП „Комуналец“ Крива Паланка ќе врши поставување таблите и наплата на трошокот за набавка и поставување на табла со куќен број преку сметките за вода и ѓубре од секој граѓанин на чиј објект е поставена табла со куќен број, а потоа средствата да ги уплати на сметка на Буџетот на Општина ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

За висината и обемот на наплата на овие средства ЈП „Комуналец“ Крива Паланка до Општината да доставува посебен извештај.

**Член 18**

Во одобрението за градење на објектот, надлежниот орган за издавање е должен во одобрението да го внесе точното име на улицата и куќниот број на објектот, а податоците ги издава надлежен орган на општината

**Член 19**

Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да ги обнови оштетените или исчезнатите таблички со броеви најкасно во рок од 30 дена од денот на оптетувањето или исчезнувањето.

**Член 20**

Поставувањето на табличките и нумерирањето на објектите, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти ќе се врши согласно позитивните законски прописи.

**Член 21**

Трошоците за набавка на табличките кои ќе се поставуваат на инфраструктурните објекти, плоштади, мостови и слично, се на товар на општината.

**IV. ЕВИДЕНЦИЈА И РЕГИСТАР НА ИМИЊА НА УЛИЦИ И БРОЕВИ НА ОБЈЕКТИТЕ**

**Член 23**

По извршеното нумерирање на сите објекти, во општината се пооведува електронска евиденција на имиња на улиците, плоштадите, мостовите, другите инфраструктурни објекти и на објектите за живеење и работа.

Содржината, постапката и начинот на водењето на електронска евиденција од ставот 1 на овој член ќе се вршат согласно одредбите од Законот за определување на



имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објеки и Законот за изменување и дополнување на законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

**Член 24**

Општината е должна да обезбеди иницијален пренос на податоците на електронски медиум или по електронски пат и тековно, а најдоцна во рок од осум дена од евидентирањето на какви био промени, податоците за промените на електронски медиум или по електронски пат да ги достават до Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 25**

Општината е должна да обезбеди јавен пристап до податоците во регистарот што ќе го води за објектите, улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти.

**Член 26**

Врз основа на податоците од евиденцијата во регистарот што ќе го води општината, за граѓаните ќе се издаваат уверенија за жителство во општината.

**V. НАДЗОР**

**Член 27**

Инспекцискиот надзор над примената на оваа одлука врши комуналниот инспектор на Општината, согласно законот и прописите на општината.

**Член 28**

